АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.04.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2844 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** телевизиски програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 30 март 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 април 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски и на албански јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 23.02.2015 година, за непочитување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатирано со редовниот надзор на програмскиот сервис емитуван на 3 февруари 2015 година, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-481, 23.02.2015 година) на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје.*

   *Со изречената мерка му наложи на радиодифузерот, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, емитуван на 30 март 2015 година, е констатирано дека **во целост не постапил по решението** за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-481, 23.02.2015 година), односно и понатаму ги прекршува одредбите од член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги (најмалку 40% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски и албански јазик, од која половина во периодот од 7 до 19 часот).

Во анализираниот ден програмскиот сервис на ТРД АЛСАТ – М ДОО Скопје, емитуваше 5 часа 20 минути и 23 секунди програма изворно создадена во Р.М на македонски и на албански јазик, што е 25.26% од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 8 минути и 12 секунди), односно за 3 часа 6 минути и 54 секунди помалку од потребниот минимум. 40%, колку што е законскиот минимум за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден во однос на вкупно емитуваната програма што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:08:12), е 8 часа 27 минути и 17 секунди.

Половина од овој законски минимум е 4 часа 13 минути и 38 секунди изворно создадена програма во Р.М на македонски и албански јазик, што медиумот треба да ја емитува во периодот од 07.00 до 19.00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје емитувал вкупно 3 часа 24 минути и 30 секунди, што е за 49 минути и 8 секунди помалку од потребниот минимум.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, на 30 март 2015 година, не емитуваше најмалку 40% програма изворно создадена во Република Македонија на македонски и на албански јазик, ниту пак, најмалку половина од нејзе емитуваше во периодот од 07.00 до 19.00 часот.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 23 февруари 2015 година, Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје, не ја отстранило повредата, односно продолжило со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на годината.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка